## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5240 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

4 часа 25 минути и 45 секунди е вкупното време на анализираните прилози во десетте изданија на Дневникот од 18 часот и 30 минути, емитувани на ТВ 21 М од 12 до 21 октомври, во рамки на петтиот извештаен период. Информативните жанрови, (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) го

сочинуваат вкупното време на анализираните прилози во централното-дневно информативно издание. *(Табела 1)*

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:38 | 3,62 | % |
| СДСМ | 00:08:29 | 3,19 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:12 | 3,09 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:19 | 0,50 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:28:35 | 10,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:25 | 8,44 | % |
| Беса | 00:02:04 | 0,78 | % |
| Унитети | 00:02:45 | 1,03 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:37 | 0,23 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:27 | 0,92 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:08 | 1,93 | % |
| Други субјекти | 00:28:59 | 10,91 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:49 | 0,31 | % |
| Влада на РМ | 00:28:04 | 10,56 | % |
| Без субјекти | 00:26:15 | 9,88 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:24 | 8,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:34 | 3,60 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:59 | 3,38 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:21 | 2,77 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:43 | 1,77 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:02 | 1,52 | % |
| Специјално обвинителство | 00:17:41 | 6,65 | % |
| Судство | 00:08:02 | 3,02 | % |
| Левица | 00:01:19 | 0,50 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:49 | 0,68 | % |
| ДЕМОС | 00:00:47 | 0,29 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:26 | 0,54 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:53 | 0,33 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:11 | 0,45 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:48 | 0,30 | % |
| | **Вкупно: 04:25:45** | 100 | % |

Три од субјектите имаат речиси подеднаква временска и процентуална застапеност (по 28 минути или по 11%) од времето на анализираните прилози, односно заедно зафаќаат околу една третина од вкупниот обем на емитуваните прилози коишто се предмет на методолошка обработка. Станува збор за категориите „Други субјекти", експерти/аналитичари и Влада на РМ.

Категоријата „Други субјекти" во овој петти извештаен период ја сочинуваат: адвокати, новинари, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Народна банка на РМ, Универзитет „Мајка Тереза", универзитетски професори, приватна болница „Медикал"-Тетово, Државна комисија за спречување корупција, градежна компанија „Бетон", Тетовски универзитет, Македонски Телеком, Исламска верска заедница и др.

Информациите за судските процеси, за коишто медиумот продолжува да известува во континуитет („Дива населба", за убиството на „Командант Шќипоња", „Сопот"), кадешто најчесто со медиумите комуницираат адвокатите на обвинетите, потоа информациите за случувањата на универзитетите „Мајка Тереза" (уписи на студенти, избор на професорски кадар, немање просторни услови), за што исто така, ТВ 21 М редовно известува, а кадешто во улога на соговорници се појавуваат одговорни лица од универзитетот или дел од професорскиот кадар и натаму најмногу придонесуваат за застапеноста на категоријата „Други субјекти".

За неколку настани и теми за коишто информираше телевизијата во овој извештаен период, беше оставен медиумски простор, своето мислење по повод тие случувања, пред гледачите да го изнесат и експертите/аналитичарите, па оттаму не изненадува застапеноста на оваа категорија субјекти. Најчесто произнесувањето на експертите/аналитичарите беше за настаните поврзани со Специјалното јавно обвинителство коишто се случија во рамки на петтиот извештаен период (од 12 до 21 октомври). Станува збор за извршувањето на судската наредба од страна на СЈО и влезот во просториите на Управата за безбедност и контраразузнавање, неизгласувањето на сетот закони што се однесуваа на работата на СЈО, односот на судовите кон СЈО и др. Медиумот во рамки на вестите емитува сублимирани прилози од дебатната емисија „Клик плус", во којашто редовни гости се експертите/аналитичарите. Во овој извештаен период своето мислење во емисијата, а потоа и во сублимираните прилози, можеа да го дадат во врска со следниве теми на разговор: Барањата на албанските партии во идната влада, Изборите на 11 декември – пред и потоа, случувањата околу универзитетот „Мајка Тереза", политичката криза и др. Медиумот побара став од аналитичарите и за пораките испратени од Груевски на собирот одржан во салата „Борис Трајковски, за партиските калкулации околу кандидатите што ќе се најдат на идните изборни листи, политичката криза и препораката на ЕУ, роковите за распуштање на Собранието на РМ итн. Простор беше отстапен за експерти/аналитичари коишто застапуваат различни гледишта и мислења за најголем дел од настаните и темите коишто беа во фокусот на интерес на телевизијата.

Информирањето за редовните активности на претставниците на Владата ја чини застапеноста на овој субјект на исто ниво според отстапеното време како и на претходните два субјекта. Присуството на Владата не се должи на еден или два настана коишто го одбележаа извештајниот период, туку е резултат на различни случувања во коишто директно или индиректно се присутни претставници на Владата. Такви настани за коишто информираше медиумот се: средбата на премиерот Димитриев со раководството на МВР, меѓусебните обвинувања на релација МВР – Министерство за финансии во врска со вработувањето на кандидатите за полицајци што ја поминале обуката, изјавата на вицепремиерот за европски прашања во очи посетата на Хан, ставот на Министерството за образование и наука за протестите на студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа против спојувањето со „Мајка Тереза", за фискалната стратегија на Министерството за финансии, ставот на вицепремиерот Адеми даден за Радио Слободна Европа во врска со причините за условената препорака од ЕУ, владините активности во поплавените подрачја, министерски обраќања на настани одржани во Скопје и др.

Од субјектите за коишто може да се рече дека имаат двоцифрена процентуална застапеност (со 9.88%) е оној кодиран како „Без субјекти". Медиумот продолжува да информира за секојдневните проблеми со коишто се соочува обичниот граѓанин. Новинарските прилози за супстандардните услови за живот на бебето Лука и неговите родители, за проблемите на жителите со дивите депонии во поплавените подрачја, потоа за проблемите со коишто се соочуваат децата со оштетен вид и нивните родители, се дел од настаните за кои информираше телевизијата и коишто придонесуваат за застапеноста на оваа категорија, кодирана како „Без субјекти".

Четиринаесет политички субјекти се дел од информациите емитувани во централното дневно-информативно издание на Телевизија 21 М. Според временската застапеност, редоследот на политичките субјекти е следен: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА, Унитети, ДПА-ДР, Беса, ПДП, ЛДП, Левица, Обединети за Македонија, НДП на Весел Мемеди, ДЕМОС, и НДП. Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| 04. СДСМ | 00:03:08 | 4,72 | % |
| 32. Демократски сојуз | 00:00:23 | 0,58 | % |
| 193. Експерти/аналитичари | 00:13:53 | 20,93 | % |
| 194. Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:26 | 5,18 | % |
| 186. Беса | 00:00:45 | 1,13 | % |
| 09. НДП - Национална демократска преродба | 00:00:21 | 0,53 | % |
| 22. Влада на РМ | 00:06:00 | 9,05 | % |
| 26. Други субјекти | 00:08:37 | 12,99 | % |
| 192. Граѓански сектор | 00:07:00 | 10,55 | % |
| 08. ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:40 | 5,53 | % |
| 14. ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:01 | 3,04 | % |
| 03. ВМРО ДПМНЕ | 00:02:57 | 4,45 | % |
| 187. Специјално обвинителство | 00:03:13 | 4,85 | % |
| 202. Левица | 00:00:38 | 0,95 | % |
| 11. ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:51 | 1,28 | % |
| 196. ДЕМОС | 00:00:15 | 0,38 | % |
| 12. ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:24 | 0,60 | % |
| 209. Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:13 | 0,33 | % |
| 25. Локална самоуправа | 00:00:48 | 1,21 | % |
| 184. ДПА-ДР | 00:01:02 | 1,56 | % |
| 18. ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:26 | 0,65 | % |
| 188. Министри/заменици од СДСМ | 00:02:41 | 4,05 | % |
| 23. Собрание на РМ | 00:00:18 | 0,45 | % |
| 28. Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:00 | 1,51 | % |
| 190. Судство | 00:00:35 | 0,88 | % |
| 185. Унитети | 00:00:57 | 1,43 | % |
| 21. ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,65 | % |
| 200. НДП - Весел Мемеди | 00:00:22 | 0,55 | % |
| | Вкупно: 01:06:20 | 100 | % |

Интенцијата на медиумот да отстапи простор за различни ставови и мислења на експертите и аналитичарите, пред се за општествено-политичките случувања во нашата земја, се гледа и во отстапеното време за директни обраќања. Нешто повеќе од една петтина (21%) од вкупното време за директни обраќања (1 час 6 минути и 20 секунди) е одвоено за непосреден пристап на експертите и аналитичарите до публиката. Двоцифрена процентуална застапеност имаат уште субјектите категоризирани како „Други субјекти“ (12.99%) и претставниците на граѓанскиот сектор (10.55%). Според присутноста следуваат: Влада на РМ, претставници на политичката партија ДУИ, амбасадори/меѓународни организации/странски политичари итн.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во рамки петтиот извештаен период (од 12 до 21 октомври), се емитувани 7 премиерни дебатни емисии и 12 репризи на премиерните изданија. Сите дебати се реализирани во рамки на емисијата „Клик плус".

Првиот ден од овој извештаен период, на 12 октомври, дебатата е реализирана со четворица гости, двајца претставници на политички партии и двајца аналитичари. Гостуваа Невзат Бејта од ДУИ, Орхан Ибрахими од ДПА и аналитичарите Исмет Рамадани и Алберт Муслиу. Работниот наслов на емисијата беше „Политичка криза пред изборите", а емисијата беше уште два пати репризирана наредниот ден, на 13 октомври, во утврдените термини за репризи на оваа емисија, рано наутро и претпладне.

Во премиерното издание на емисијата од 13 октомври повторно учествуваа четворица гости, овој пат сите претставници на политички партии. На тема „Партиските групирања, за промени или интерес?" во емисијата „Клик плус" дебатираа Ана Глигорова од Левица, Емил Анастасов од ДЕМОС, Филип Јанчиќ од ЛДП и Абдулади Весели од ПДП. Наредниот ден, дебатата беше два пати репризирана.

Во изданието на емисијата од 14 октомври, за тоа дали се создадени услови за спроведување на демократски избори, ставовите ги сопоставија Љупчо Ристовски, претседател на институтот „Интегра", Рамадан Рамадани, аналитичар и Александар Наков, адвокат. Емисијата е репризирана два пати наредниот ден, 15 октомври.

На 18 октомври, во фокусот на емисијата и натаму се темите поврзани со предизборието и изборниот процес, а овој пат во „Клик плус" дебатираат Азем Садику од ДПА, Абдулаќим Адеми од ДУИ и аналитичарите Исмет Рамадани и Ибрахим Мехмети. Согласно вообичаената практика, изданието е репризирано два пати, на 19 октомври.

За предизборното коалицирање на партиите од албанскиот политички блок, се разговараше во емисијата премиерно емитувана на 19 октомври. Еден претставник на политичка партија, Гзим Острени од Унитети и тројца познавачи на состојбите – аналитичарите Алберт Хани, Арбен Раткоцери и Алајдин Демири, беа гости во ова дебатно издание, коешто беше репризирано на 20 октомври (два пати).

Шестото издание на емисијата „Клик плус" во овој извештаен период беше со поранешната пратеничка од редовите на ВМРО ДПМНЕ, Ѓулистана Марковска и аналитичарот Сотир Костов. Изборите повторно беа тема на разговор, со доминантно време отстапено за случувањата поврзани со СЈО. Двете репризи се емитувани наредниот ден.

Последната дебатна емисија е емитувана во последниот ден од извештајниот период, 21 октомври. На тема „Кој е кој во борбата со криминалот" во студиото на ТВ 21 М дискутираа Слаѓана Тасева од Транспарентност – Македонија, Јордан Митриновски, поранешен судија и Мирослав Вујиќ, адвокат.

*Интервјуа*

Во десетте дена се емитувани 4 интервјуа, сите во рамки на емисијата „10 минути".

Првото интервју е реализирано на 12 октомври со универзитетскиот професор Башким Селмани, главно за прашањата поврзани со работата на Специјалното јавно обвинителство (Закон за заштитени сведоци, потреба од Специјален суд и др.).

За истата тема, Специјалното јавно обвинителство, но и за претстојните избори е разговарано и со Никола Димитров, поранешен амбасадор. Интервјуто е реализирано на 13 октомври.

Наредниот ден, 14 октомври, е емитуван разговор со Кристоф Бендер, заменик-претседател на Иницијативата за европска стабилност, во врска со влијанието на БРЕГЗИТ врз ЕУ, односите ЕУ-Македонија, мигрантската криза.

Последното интервју во овој извештаен период беше со професорот Стојан Славески, за опструкциите на УБК кон Специјалното јавно обвинителство.

*Информативна програма*

Во изданието на емисијата „10 минути" од 20 октомври, беа емитувани делови од прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство, во врска со новите случаи „Топлик" и „Тендер".

***Сектор за програмски работи***